КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-587/3
07.06.2019 год.
СКОПЈЕ

Комора на овластени архитекти и овластени инженери

Број:
Датум: 7.6.2019

Врз основа на член 124 став 5 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.70/2013-пречистен текст, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016 , 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/2018, 64/2018), и член 105-109 од Законот за општа управна постапка (Сл. весник на РМ бр. 124/2015) Комисијата за решавање жалби од втор степен (во натамошен текст Комисијата) во состав, Емил Бундевски, Претседател на комисијата, Сељеидин Бехадини и Љупчо Георгиевски членови, едногласно го донесува следното

# РЕШЕНИЕ

по жалбата од Виктор Стоичовски од 30.5.2019 година

**Се одбива жалбата на Виктор Стоичовски** заверена под број 03-587/2 од 30.5.2019, и се потврдува решението на првостепениот орган во Комората за одбивање за издавање на овластување, донесено од Претседателот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, заверено под бр. 03-587/1 од 15.5.2019, донесено по предлог од првостепената комисија за издавање на овластувања од одделението на градежни инженери.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Видно од поднесената документација при аплицирање за овластување, инженер Виктор Стоичовски имал договорен работен ангажман со правното лице ГД Гранит, АД Скопје. По укажување од Стоичовски, работниот ангажман е прекинат на 8.2.2019 година. Видно од поднесената документација, правното лице не ја потврдило референтната листа на инженер Стоичовски, а истата е неопходна за стекнување со инженерско овластување, согласно Законот за градење.

Комисијата за решавање на жалби од втор степен при Комората, се согласи дека Првостепената комисија при Комората, одлучува мериторно исклучиво врз основа на Законот за градење, и нема законски ингеренции да навлегува во предметна материја за односот помеѓу вработениот Стоичовски и неговиот работодавач. Во тој контекст, Законот за градење, во членот 31(2) алинеа 3 е дециден дека во поднесената документација до Комората, референтната листа мора да е поткрепена со потврда од правното лице, и вели дека апликантот треба да поднесе:

*"доказ за учество во изградба на најмалку три градби од прва категорија од членот 57 на овој закон, потврден од правното лице кое ги изведувало градбите."*

Таков документ не е поднесен до Комората, и затоа е донесено решението за одбивање.

Неспорно е дека, член 63(1) од Законот за работни односи, дефинира дека по престанок на работниот однос, работодавецот треба да му издаде потврда на работникот за видот на работата што ја вршел, а работодавечот, по укажување на Стоичовски не ја издал оваа потврда, но оваа предметна материја треба да се разреши помеѓу работодавачот и работникот без инволвирање на Комората. Органите на Комората, во духот на колегијалност и добронамерност, се обидоа да го разрешат спорот помеѓу Стоичовски и неговиот работодавач, го контактираа работодавачот, но работодавачот одби да ја потврди неговата референтна листа. Го упатуваме колегата Стоичовски да го разреши спорот со својот работодавач, и следствено да поднесе целосна документација до Комората.

На Комората како институција која евалуира поднесена документација за инженерско овластување, потребна и е целосна документација согласно Законот за градење, а бидејки таква не е поднесена, издадено е решението за одбивање, кое го потврдува и Комисијата за решавање на жалби од втор степен при Комората.

**Правен лек**

Против ова може да се поднесе жалба до *Комисијата за решавање на управни работи во втор степен при Владата на Република Македонија*, согласно член 39а од Законот за градење, во рок од 15 дена од добивањето на ова решение.

Претседател на Комисијата за решавање на жалби од втор степен

Емил Бундевски, дги